# З А П И С Н И К
**од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 24.4.2018 година**

**Скопје, април 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 24.4.2018 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерката за одбрана, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, д-р Арбер Адеми, заменик на министероката за образование и наука, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Гајур Кадриу, директор на ЈП „Македонијапат“-Скопје и Валентина Пивоварова, претставничка од Царинска управа.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, Билен Саљиџи, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко

Филипче, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

✓ Усвојување на Записник од 63-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.4.2018 година

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Барање на ЈП „Македонијапат“ - Скопје нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог-одлука

2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево” - Битола за 2016 година

3. Програма за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2018 година, со Предлог-одлука и ребаланс на Финансов план за 2018 година

4. Информација за текот и активностите за проектите ХЕ Чебрен и ХЕ Галиште

5. Извештај за состојбата на материјално техничките ресурси на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со предлог-мерки за решавање на потребите

6. Годишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Македонија за 2017 година

7. Годишен извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2017 година

8. Информација за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Македонија, со план за нивно доекипирање

9. Предлог-правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Инспекциски совет

10. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот инспекторат за земјоделство

11. Предлог-одлука во врска со недвижниот имот-објект сопственост на АД „Македонска пошта“-Скопје заведен во Имотен лист 105772 за КО-Кисела Вода 2 со вкупна површина од 137 $м^2$ што претставува 5 проценти од вкупната површина на деловниот објект, со Предлог-одлука за продажба на деловен простор

12. Информација за доделување опрема на Општина Дебар, со Предлог-одлука

13. Информација за добивање согласност од Владата на Република Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспорт на отпад, со Предлог-одлука

14. Информација за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Струмица, со Предлог-одлука

**б) Економски систем и тековна економска политика**

15. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој за потребите за реализација на мерката

16. Информација за промоцијата на Република Македонија како земја-партнер на 56-тото издание на саемот Агра 2018, Словенија

17. Информација во врска со започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со Предлог-одлуки

18. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Зелениково за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Страхојадица и КО Градовци, Општина Зелениково, со Предлог-одлука

19. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси, Г4-стоваришта КО Ракитец, Општина Конче, со Предлог-одлука

20. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта КО Дебреше, Општина Гостивар, со Предлог-одлука

21. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договорот за соработка во областа на туризмот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина

22. Информација во врска со можноста за утврдување на Македонскиот рубин-јувелирски камен како заштитена минерална суровина со географско потекло од Република Македонија

23. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Чукале“- Општина Кичево

24. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Четирце“- Општина Куманово, со Предлог-одлуки

25. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Костени Врвој“ - Општина Охрид

26. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Клечовце“ - Општина Старо Нагоричане, со Предлог-одлуки

27. Информација за исполнетоста на условите за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на „Еуромакс ресоурцес“ ДОО - Скопје, на локалитетот „Иловица“, Оштина Босилово и Општина Ново Село

28. Информација за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“ - Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“ - Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес“ ДОО- Скопје, со Предлог-одлука

29. Информација за Годишен извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2016 година

30. Барање за финансиска поддршка за одбележување на десет годишнината од основањето на Асоцијацијата на омбудсмани на Медитеранот, настан на кој годинава домаќин е институцијата Народен правобранител на Република Македонија

31. Информација за обесштетување на поплавените правни лица во Скопскиот Регион

**в) Политички систем**

32. Информација во врска со потребата од заземање нови ставови на Владата на Република Македонија во постапката на водење преговори за склучување Договор за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија

33. Информација за зголемување на придонесот на Република Македонија во мисијата на НАТО „Одлучна поддршка“ во Авганистан во периодот од август до ноември 2018 година

34. Информација за учество на припадници на Армијата на Република Македонија на воена парада во Република Бугарија

35. Информација за одржан 7-ми Работен состанок за социјална интеграција на Ромите во Република Македонија на 23-24 ноември 2017 година во Скопје, со предлог Акциски план за следење на реализација на заклучоците

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

36. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за 2016-2018 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јули - декември 2017 година)

37. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, транспорт и услуги „АЦПВ“ ДОО увоз-извоз с. Беловиште, Гостивар за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

38. Информација за учество на делегација на Република Македонија на 107-та сесија на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2018 година

39. Информација за прогрес на реализација на акцискиот план за пристапни рампи за лицата со инвалидност

40. Информација за донесување на Национален акциски план 2018-2020 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020, со Национален акциски план

41. Информацијата за статусот на реализација на Националниот акциски план за отворено владино партнерство 2016-2018 година, за периодот јули-декември 2017 година

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

42. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Клуб слот 77“ увоз-извоз ДОО-Битола во деловната просторија која се наоѓа на ул.„Марксова“ бр.1 во Прилеп

43. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево

46. Предлог-одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метлични минерални суровини на локалитетот „с.Коњско“- Општина Гевгелија и Општина Кавадарци на Друштвото за производство, трговија и услуги „Резервоар минералс Македонија“ ДООЕЛ Скопје

47. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Видовиште-Припечани“, Општина Зрновци и Општина Чешиново-Облешево на Друштвото за производство, промет и услуги „Механизација“ ДОО увоз-извоз с.Зрновци, Зрновци

48. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги „Ба цонструцтион“ ДООЕЛ увоз-извоз-Скопје на локалитетот „Краста“, Општина Сарај

**б) Политички систем**

49. Предлог-решение за изменување на Решението за именување членови, заменици членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетски институт за позитронско - емисиона томографија на Република Македонија

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа - Здравствен дом - Велес

52. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

53. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

54. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

55. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни резерви за нафта и нафтени деривати, поднесен од група пратеници

56. Предлог-закон за изменување на Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, поднесен од група пратеници

57. Предлог-закон за изменување на Законот за заштита на природата, поднесен од група пратеници

58. Предлог-закон за изменување на Законот за животната средина, поднесен од група пратеници

59. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост, поднесен од група пратеници

60. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акредитација, поднесен од група пратеници

61. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, поднесен од група пратеници

62. Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција, поднесен од група пратеници

63. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, поднесен од група пратеници

64. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, поднесен од група пратеници

65. Предлог-закон за изменување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина, поднесен од група пратеници

66. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор, поднесен од група пратеници

67. Барање за давање на автентично толкување на член 80 став (1) и (4), а во врска со член 83 став (2) од Законот за основното образование, поднесено од пратеничката Лилјана Кузмановска

68. Барање за давање на автентично толкување на член 85 став 1 и член 87 став 1 и 2 од Законот за административни службеници, поднесено од пратеникот Енес Ибрахим

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

69. Иницијатива од адвокат Пандовски Благоја од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.17/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите од 4 до 54 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15, 23/16, 43/16, 190/16 и 193/17)

70. Иницијатива од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.15/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 21-а став 1 во делот „членот 293-а став 3“ од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/07, 81/07, 36/11, 18/13, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 152/15 и 53/16)

71. Иницијатива од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.163/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 188 став 3 и член 189 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15 и 193/15).

72. Иницијатива од Здружението за заштита за граѓанските права „Но пасаран“ Скопје, Здружението на граѓани на текстилната, кожарската и чевларската индустрија „Гласен текстилец“ од Штип и Конфедерацијата на синдикалните организации на Македонија од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.25/18 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 46 став 1 во делот: „надоместок за администрирање“, член 46 став 2 во делот: „цената на администритирањето“ и член 46 став 4 точка 1 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16 и 142/16).

73. Иницијатива од адвокат м-р Светислав Стојаноски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.10/18 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 234 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16)

74. Понуда од нотар Фатмир Ајрули, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101529 за КО Бутел на КП 3934

75. Понуда од нотарката Елена Ристовска, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1376 за КО Д Балван на КП 465 викано место/улица Жабодер

76. Понуда од нотар Тана Топалоска, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.103734 за КО Охрид 3 на КП 14340 и КП 14383 викано место/улица „Гоце Делчев“

77. Понуда од нотар Ристо Папазов, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.84049 за Ѓорче Петров 5-Лепенец на КП 2783 викано место/улица Б.Расел

78. Понуда од нотар Андријана Ѓорѓеска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.663 за КО Маџари на КП 2080

79. Понуда од нотар Стевица Јанева, за продажба на 128/1692 идеален дел од КП 6647, запишан во ИЛ бр.50100 за КО Струмица

80. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3822 за КО Чаир на КП 529

81. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.43154 за КО Центар 1 на КП 3101/0

82. Понуда од нотар Роберт Стојковски, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3882 за КО Ѓорче Петров 4- Влае на КП 8062 викано место Мраморец

83. Известување од извршителката Снежана Андреевска за налог за извршување врз недвижност запишана во ИЛ бр.178 за КО Нерези, под И бр.790/17

84. Известување од извршител Благојче Кипровски, за заклучок за усна јавна продажба со И.бр.497/2008

85. Известување од извршител Зоран Петрески од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И. бр.141/18 за КО Бутел

**д) Други предлози**

86. Кадровски прашања

87. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

88. Тримесечен извештај за работењето на МЖ „Транспорт“ АД - Скопје, за период 1.7. - 30.9.2017 година, со дополнувања кон материјалот

89. Информација за реализација на системот за издавање на возни билети во локалниот Патнички сообраќај кој е дел од Лот 1 - Ревитализација на Железничката станица Скопје

90. Полугодишен извештај за реализацијата на кредитната линија за микро, мали и средни претпријатија со дејност од областа на земјоделие (кредити од компензациони фондови)

91. Информација за проектот - Создавање дигитални податоци за теренот неопходни за ублажување на ризикот од поплави, следење на поплави и за дејствување во ситуации на поплави, како и за намалување на трошоците за инфраструктурни проекти и подобрување на заштитата на животната средина и мониторингот и просторно планирање - финансиран од страна на Владата на Норвешка

92. Информација за извршен увид за исполнетост на минимално технички услови за вршење на трговска дејност -трговија на големо со сурова нафта, нафтени

деривати, биогорива и горива за транспорт на субјектите на територија на Република Македонија за кои се издадени лиценци за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија

93. Извештај за тековниот статус на болниците во процесот на акредитација, за периодот јули - септември 2017 година

94. Извештај за реализација на Програмата за развој на туризмот на Република Македонија за 2017 година

95. Информација за текот на активностите во насока на реализација на Стратегијата за ЈИЕ 2020 во 2016 и 2017 година

96. Информација за Акциски план за реализација на активностите за обнова на возниот парк на „Македонски железници Транспорт“ АД-Скопје (набавка на 150 товарни вагони, четири дизел-моторни гарнитури и две електро-моторни гарнитури и рехабилитација на електро-локомотиви), за период 1.7-31.12.2017 година

97. Информација за набавка на четири нови електрични локомотиви, за период 1.7-31.12.2017 година

98. Информација за Ажурирање на Акциски план за проект: Воведување на информациски систем за управување со енергијата ЕМИС, за период 1.7-31.12.2017 година

99. Информација за Ажурирање на Акцискиот план за проект: Енергетска ефикасност-рехабилитација на работилниците за одржување на железнички возила, за период 1.7-31.12.2017година

100. Информација за прогрес за реализација на проектот „Решавање на проблемот со недовршените постапки на арондација од минатото“

101. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за март 2018 година

102. Годишен извештај за работата на Национално координативно тело против семејно насилство 2017 година

103. Информација за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

104. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка

105. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа

106. Информација во врска со поканата за одржување на редовна седница на Собранието на акционери на „Јубмес банка“ А.Д. Белград закажана за 25.4.2018 година

107. Предлог-програма за користење на средства за изградба на спомен- обележје на Тодор Проески во Крушево, за 2018 година

108. Информација за потребата за преземање активности за натамошна децентрализација на националните установи во областа на културата

109. Информација за потребата од преземање активности во врска со одржувањето на 30-от Меѓународен саем на книгата -2018

110. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на Друштвото за градежништво и инженеринг Тотал инженеринг ДООЕЛ Струмица на локалитетот „с.Дукатино“, Општина Василево

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 63-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.4.2018 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Барањето нафтени деривати без надомест од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие „Македонијапат“ - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Јавното претпријатие „Македонијапат“ - Скопје.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево“- Битола за 2016 година, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата по новиот текст на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“-Пробиштип за 2018 година, со Предлог-одлука и ребаланс на Финансов план за 2018 година, имајќи го предвид позитивното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“ -Пробиштип за 2018 година, во предложениот текст.

2. Се информира со измената на Финансовиот план за 2018 година на ЈП ХС „Злетовица“-Пробиштип, за тековно работење.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за текот и активностите за проектите ХЕ Чебрен и ХЕ Галиште и ја усвои со следниве нови заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во рок од десет дена да формира Работна група со претставници од Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, АД „ЕЛЕМ“ - Скопје, ЈП за државни патишта и АД „МЕПСО“ - Скопје.

2. Се задолжува Работната група во рок од 60 дена да подготви Акциски план за реализација на проектот ХЕ „Чебрен“ и ХЕ „Галиште“ и истиот да го достави до Владата.

## Точка 5

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за состојбата на материјално техничките ресурси на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со Предлог-мерки за решавање на потребите и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенција за храна и ветеринарство, Фитосанитарната управа и Министерството за внатрешни работи да ја разгледа можноста зградата на поранешна „Македонија табак 2000“ која во моментов е целосно неискористена да се искористи за сместување на овие институци и за истото да ја информира Владата најдоцна до 25 ти април 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии, при следното буџетирање да обезбеди дополнителни средства за исплата на плати и надоместоци од плати за фазно вработување на 40 лица, и тоа 20 лица во мај и јуни и 20 лица во август и септември 2018 година во вкупен износ од 15.979.504,00 денари, и унапредување на 29 административни државни службеници во вкупен износ од 2.205.000,00 денари во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

3. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во Предлог-буџетските барања за 2019, 2020 и 2021 година да планира средства за набавка на стоки и услуги за нормално функционирање во рамките на максималните расходи за секоја година поодделни.

**Точка 6**

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Годишниот извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Македонија за 2017 година, согласно член 5, алинеја 3 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија.

**Точка 7**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2017 година, согласно член 5, алинеја 2 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Македонија, со План за нивно доекипирање и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите државни инспекторати и сите органи на државната управата во чиј состав се формирани инспекциски служби, доколку не ја исполниле својата обврска за изработка на Годишен план за вработување за 2018 година, во рок од 10 дена да го подготват и да го достават до Министерството за финансии.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, во рок од 15 дена од добивањето да ги разгледаат и одобрат годишните планови за вработување на инспекциските служби.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Инсекцискиот совет, при подготовка на Предлог-законот за инспекциски надзор, да направи длабинска анализа на можностите за концентрација на инспекциските служби и нивно реорганизирање, како и за системот на вработување, унапредување и обука на инспекторите, со цел да се постигне повисока ефикасност во работата, поголема економичност и зголемена ефективност.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Инспекцискиот совет, со Предлог-правилник, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Инспекцискиот совет, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата по Одлуката од Управниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје во врска со продажба недвижниот имот - објект, сопственост на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје, заведен во Имотен лист бр. 105772 за КО-Кисела Вода 2, со вкупна површина од 137 $м^2$, што претставува 5% од вкупната површина на деловниот објект, со Предлог-одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“-Скопје, во државна сопственост, го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување опрема на Општина Дебар, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Дебар, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност од Владата на Република Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и унишување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за промоцијата на Република Македонија како земја-партнер на 56-тото издание на саемот АГРА 2018, Словенија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од осум дена да формира работна група во која ќе бидат вклучени претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за странски инвестициии и промоција на извозот на Република Македонија и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, која треба да подготви план на активности, носител на активноста и период на реализација, како и да ги разгледа можностите за обезбедување средства во рамки на буџетите на вклучените институции за финансирање на планираните активности.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за странски инвестициии и промоција на извозот на Република Македонија и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да назначат свој претставник во работната група во рок од пет дена.

3. Се задолжува работната група најдоцна до 15 мај 2018 година, да ја информира Владата за утврдениот план на активности, динамика на реализација и обезбедените средства.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство при идното буџетирање да ја прошири рамката за промоција на земјоделски производи со нови дополнителни средства, со оглед на важноста на промоцијата на земјоделските производи.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 2 - Тетовски“.

2. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински“.

3. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 6 - Демир Каписки“.

4. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 4 - Мариовски“.

5. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница - Делчевски“.

6. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“.

7. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“.

8. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Козјак“.

9. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глобочица“.

10. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Младост“.

11. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Мавровица“.

12. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Паљурци“.

13. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Калиманци“.

14. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“.

15. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“.

16. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Мантово“.

17. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“.

18. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Стрежево“.

19. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Крушевска“, во предложените текстови.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Зелениково за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Страхојадица и КО Градовци, Општина Зелениково, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Зелениково за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Страхојадица и КО Градовци, Општина Зелениково, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта КО Ракитец, Општина Конче, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта КО Ракитец, Општина Конче, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта КО Дебреше, Општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта КО Дебреше, Општина Гостивар, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот за соработка во областа на туризмот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина за соработка во областа на туризмот.

2. Го определи м-р Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Македонија да го потпише Договорот за соработка во областа на туризмот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можноста за утврдување на македонскиот рубин - јувелирски камен како заштитена минерална суровина со географско потекло од Република Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Геолошкиот завод на Република Македонија во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост, да ја разгледаат можноста за утврдување на македонскиот рубин - јувелирски камен како заштитена минерална суровина со географско потекло од Република Македонија и начинот на утврдување како таков, за што да подготват и во рок од 60 дена да достават информација до Владата.

## Точка 23

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, ја симна од Дневен ред, Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Чукале“, Општина Кичево.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Четирце“-Општина Куманово, со Предлог-одлуки и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште, во рок од три дена до Министерството за економија да достави мислење за локалитетот во оваа информација.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Костени Врвој“-Општина Охрид и ја усвои со заклучок, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште во рок од три дена до Министерството за економија да достави мислење во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Костени Врвој“ Општина Охрид.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Клечовце“-Општина Старо Нагоричане, со Предлог-одлуки (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за исполнетоста на условите за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато, на Еуромакс ресоурцес ДОО Скопје, на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, за наредната седница на Владата.

**Точка 28**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с.Иловица“, Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес“ ДОО Скопје, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2016 година, со Годишен извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2016 година и заклучи Годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2016 година да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 7 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр.39/04).

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник Неби Реџепи, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави акциски план со Предлог-мерки за започнување на постапка за нов просторен план кој ќе опфати активности и потребни финансиски средства за спроведување на истиот.

**Точка 30**

Владата го симна од Дневен ред, Барањето за финансиска поддршка за одбележување на десет годишнината од основањето на Асоцијацијата на омбудсмани на Медитеранот, настан на кој годинава домаќин е институцијата Народен правобранител на Република Македонија.

**Точка 31**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за обесштетување на поплавените правни лица во Скопскиот Регион, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од заземање нови ставови на Владата на Република Македонија во постапката на водење преговори за склучување Договор за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, со текст на Договор и ја усвои со следниве нови заклучоци:

1. Ги разгледа и прифати новите ставови утврдени во оваа Информација.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на делегацијата на Република Македонија, при водењето на преговорите за склучување на Договорот за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, да се придржуваат кон новите ставови наведени во оваа Информација.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Македонија, да го парафира текстот на Договорот за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, согласно ново утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите за склучување на Договорот.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори, со усогласениот односно парафираниот текст на Договорот.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на придонесот на Република Македонија во мисијата на НАТО „Одлучна поддршка“ во Авганистан во периодот од август до ноември 2018 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да спроведе консултации и отпочне планирачки процес со Сојузна Република Германија и надлежните институции на НАТО, за зголемување на придонесот на Република Македонија во мисијата на НАТО „Одлучна поддршка“ во Авганистан во периодот од август до ноември 2018 година, со воен персонал до три штабни офицери.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, најдоцна до 15.7.2018 година да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за зголемување на придонесот на Република Македонија во мисијата на НАТО „Одлучна поддршка“ во Авганистан во периодот од август до ноември 2018 година.

## Точка 34

Владата, на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информација за учество на припадници на Армијата на Република Македонија на воена парада во Република Бугарија, поради потребата истата да биде разгледана на затворена седница на Владата.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан 7-ми Работен состанок за социјална интеграција на Ромите во Република Македонија на 23-24 ноември 2017 година во Скопје, со Акциски план (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за следење на реализацијата на заклучоците од 7-от состанок за социјална инклузија на Ромите во Македонија (23-24 ноември 2017 година).

2. Се задолжува министерот без ресор, задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Македонија, Аксел Ахмедовски на секои три месеци да ја информира Владата за статусот на реализација на заклучоците од 7-от Работен состанок за социјална инклузија на Ромите во Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, на секои три месеци да доставуваат информации за статусот на реализација на заклучоците од 7-от Работен состанок за социјална инклузија на Ромите во Македонија до Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Македонија.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план за 2016-2018 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година, за периодот јули - декември 2017 година (најнов текст), ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за животна средина и просторно планирање, а и укажа на Македонската академска истражувачка мрежа најдоцна до 10.5.2018 година да доставaт до Министерството за образование и наука потврда на истите номинирани претставници (член и заменик член) или да номинираат нови претставници (член и заменик член) во Советодавната група за иновации.

**Точка 37**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, транспорт и услуги АЦПВ ДОО увоз-извоз с.Беловиште, Гостивар за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, транспорт и услуги АЦПВ ДОО увоз-извоз с.Беловиште, Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на делегација на Република Македонија на 107-та сесија на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2018 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рок од 10 дена да номинира двајца претставници од Министерството за труд и социјална политика, кои ќе учествуваат на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2018 година, а Мила Царовска, министер за труд и социјална политика да ја предводи делегацијата на Конференцијата.

2. Се укажува на Сојузот на синдикатите на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати и Организацијата на работодавачи на Македонија, во рок од 10 дена да номинираат по еден претставник, кој ќе учествува на Меѓународната конференција во Женева, во јуни 2018 година, а номинациите да ги достават до Министерството за труд и социјална политика, кое потоа ќе ги испрати акредитациите за сите членови на делегацијата, до Канцеларијата на МОТ во Женева.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на реализација на Акцискиот план за пристапни рампи за лицата со инвалидност и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа од Прилог бр.1 и Прилог бр.1-а, да изработат акциски планови за реализација на активности со цел обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти од јавен карактер кои немаат обезбедени услови за непречен пристап на лица со инвалидност и истите да ги достават до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 15 дена.
2. Се задолжуваат органите на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа од Прилог бр.1 и Прилог бр.1-а, по реализацијата на активностите за обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти кои што се во нивна надлежност (изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи), за истото повратно да го известат Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена од реализацијата на активностите.

3. Се препорачува на општините, Град Скопје и општините во Град Скопје од Прилог бр.2 и Прилог бр.2-а да изработат акциски планови за реализација на активности со цел обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти кои што се од јавен карактер кои немаат обезбедени услови за непречен пристап на лица со инвалидност и истите да ги достават до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 15 дена.

4. Се препорачува на општините, Град Скопје и општините во Град Скопје од Прилог бр.2 и Прилог бр.2-а, по реализацијата на активностите за обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објекти кои што се во нивна надлежност (изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи), за истото повратно да го известат Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена од реализацијата на активностите.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Национален акциски план 2018-2020 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020, со Национален акциски план за родова еднаквост 2018-2020 (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020 (најнов текст).

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од 20 дена да подготват Оперативен план за спроведување на активности од овој акциски план кои се во нивна надлежност за 2018 година и истиот да го објават на своите веб - страници и да го информираат Министерството за труд и социјална политика.

3. Им се укажува на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Институтот за јавно здравје на Република Македонија, Јавната установа Завод за социјални дејности Скопје, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништво во Република Македонија, Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Македонија и Државна изборна комисија, во рок од 20 дена да подготват Оперативен план за спроведување на активности од овој акциски план кои се во нивна надлежност за 2018 година и истиот да го објават на своите веб - страници и да го информираат Министерството за труд и социјална политика.

4. Се задолжуваат, односно им се укажува на горе наведените институции, до 20.12.2018 година до Министерството за труд и социјална политика да достават Оперативен план за 2019 година за имплементација на Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020 и истиот да го објават на својата веб-страница.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на Националниот акциски план за отворено владино партнерство 2016-2018 година, за периодот јули-декември 2017 година (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство во рок од 15 дена до Министерството за финансии да достави информација за степенот на реализација и краен рок за имплементација на заложба „5.2. Отворени податоци за здравствени програми“ и заложба „5.7. Зголемување на придобивките од трошење на буџетските средства за превентивна и куративна здравствена заштита за граѓаните“ од приоритетната тема „Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)“ и за истото да го информира Министерството за информатичко општество и администрација.

2. Се задолжува Министерството за здравство во рок од 15 дена, а во врска со заложбата „5.5. Објавување на податоци за склучени договори и добиена помош преку Програмата за инфраструктурен развој (ОРИО) на Кралството Холандија“ приоритетна тема „Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)“ да пристапи кон објавување на податоците/информаците со кои располага по однос на ОРИО Програмата (одговори на барања по кои Министерството веќе има постапено согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер) на веб страницата на Министерството и за истото да ги информира Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии.

3. Се задолжуваат Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна во рок од

15 дена за заложбата „5.8. Објавување податоци на квартално ниво за планирана и реализирана домашна и странска помош за рурален развој и земјоделство“ од приоритетната тема „Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)“, да утврдат точна динамика на објавување на податоците за висина на доделена државна и странска помош за рурален развој и земјоделство по основ/мерка и локација за Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој, Програмите за финансиска поддршка во земјоделството, Програмите за финансиска поддршка за рибарството и аквакултурата и ИПАРД Програмата со предлог за краен рок за имплементација на заложбата и истиот да го достават до Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација.

4. Се укажува на Комисијата за заштита на конкуренцијата во рок од 15 да одржи работен состанок со Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија со цел анализа и идентификување на неопходни услови за реализација на заложбата „5.9. Утврдување податоци за државна помош кои периодично треба да се објавуваат и нивно објавување“ од приоритетната тема „Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)“ до јуни 2018 година и за истото да ги информира Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација.

5. Се укажува на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 15 дена да одржи работен состанок со членовите од Работната група за спроведување на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година, со цел анализа и идентификување на неопходни услови за реализација на заложбите до јуни 2018 година од приоритетната тема „Спречување на корупцијата и промовирање на доброто владеење“ и за истото да го информира Министерството за информатичко општество и администрација.

## Точка 42

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Клуб слот 77“ увоз-извоз ДОО Битола во деловната просторија која се наоѓа на ул.„Марксова“ бр.1 во Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метлични минерални суровини на локалитетот „с.Коњско“, Општина Гевгелија и Општина Кавадарци на Друштвото за производство, трговија и услуги Резервоар минералс Македонија ДООЕЛ Скопје, за наредната седница на Владата.

## Точка 47

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Видовиште-Припечани“, Општина Зрновци и Општина Чешиново - Облешево на Друштвото за производство, промет и услуги „Механизација“ ДОО увоз - извоз с. Зрновци, Зрновци за наредната седница на Владата.

## Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги Ба цонструцтион ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Краста“, Општина Сарај, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување членови, заменици членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Велес, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни резерви за нафта и нафтени деривати, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за заштита на природата, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 58**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за животната средина, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот за изменување на Законот за животната средина, поднесен од група пратеници со следното укажување:

Со цел да се изврши воедначеност со условите во однос на степенот на образование помеѓу директорот на Државниот инспекторат за животна средина и Директорот на управата за животна средина треба да се направи и измена во член 194-б во став (1) во точката 3) бројот „300“ да се замени со „240“.

**Точка 59**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по

Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 60**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за акредитација, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 61**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 62**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 63**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 64**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието да го донесе Законот.

**Точка 65**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието да го донесе Законот.

**Точка 66**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието да го донесе Законот.

**Точка 67**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 80 став (1) и (4), а во врска со член 83 став (2) од Законот за основното образование („Службен весник

на Република Македонија“, бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/2011, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), поднесено од пратеникот Лилјана Кузмановска и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 80 од Законот за основното образование:

„(1) За наставник, стручен соработник и воспитувач може да се вработи лице кое што покрај општите услови ги исполнува и следниве посебни услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да има соодветно образование,
- да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и
- да има положено стручен испит за наставник, стручен соработник, односно за воспитувач.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член во училиштата и паралелките во кои наставата се изведува на јазик и писмо различни од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, освен наставниците за предметот македонски јазик, треба да го познаваат и јазикот и писмото на кој се изведува наставата.

(3) Директорот на основното училиште формира комисија составена од три члена од редот на воспитно-образовниот кадар кој врши проверка на познавањето на јазикот на наставниците од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) На јавниот оглас за засновање на работен однос за наставник, стручен соработник, односно воспитувач може да се пријави и лице без положен стручен испит и да заснова работен однос на определено работно време до крајот на учебната година.

(5) Без положен стручен испит не може да се заснова работен однос на неопределено време“.

Согласно член 83 од Законот за основното образование:

„(1) Наставниците кои работат во подрачно основно училиште во населено место со помалку од десет ученици и реализираат настава со скратена програма засноваат работен однос на определено време со полн фонд на часови до реализација на скратената програма.

(2)Наставниците можат да засноваат работен однос на определено време до крајот на учебната година, доколку на јавен оглас не се пријави лице кое ги исполнува условите утврдени со закон.

(3)Наставниците можат да засноваат работен однос на неопределено време, пократко од полното работно време, доколку обемот на работата изнесува најмалку половина од работното време во работната недела на начин утврден со закон“.

Согласно наведените членови од Законот за основното образование, а тргнувајќи од посебното уставно значење и карактер на воспитно-образовната дејност, постои уставна можност со посебен закон да се пропишат условите под кои може да се изведува воспитно-образовната дејност во основното образование, а во тие рамки да се утврдат и определени

критериуми при засновање на работен однос. Притоа, право е на законодавецот да ги утврди посебните услови за вршење на воспитно-образовната дејност, како и да утврди критериуми за вработување под еднакви услови, но доминантни се, пред се, предвидените општи и посебни услови предвидени за засновање на работен однос на одредено работно место.

Законодавецот со Законот за основното образование утврдил дека услови за засновање на работен однос во основно училиште се: лицето да е државјанин на Република Македонија, да има соодветно образование, да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, односно јазикот на кој се изведува наставата, да има положено стручен испит за наставник, стручен соработник, односно за воспитувач.

Исто така, законодавецот дава можност на јавен оглас да се пријави и лице без положен стручен испит, но да заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година. Без положен стручен испит не може да се заснова работен однос на неопределено време, односно само со положен стручен испит може да се заснова работен однос на неопределено време. Услов за полагање на стручен испит е наставникот, стручниот соработник и воспитувачот да има приправнички стаж во основно образование во траење од една година.

Имајќи предвид дека одредбите од член 80 став (1) и (4), а во врска со член 83 став (2) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“, бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), се прецизни и јасни, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на член 80 став (1) и (4), а во врска со член 83 став (2) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“, бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), поднесено од пратеникот Лилјана Кузмановска.

## Точка 68

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 85 став 1 и член 87 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“, бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18), поднесено од пратеникот Енес Ибрахим и притоа го утврди следново мислење:

Член 85 став (1) од Законот за административни службеници предвидува дека „Административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон, освен ако со посебен закон и со колективен договор поинаку не е уредено“ и истиот не дава можност надоместокот да биде регулиран со подзаконски акт.

Согласно член 87 став (1) основната компонента на плата ја сочинуваат:
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

Согласно ставот (2) на истиот член, делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место се вреднува на следниот начин:
„НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ БОДОВИ
Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен 200
Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС 175
Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование 150
Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование 100“

Согласно член 32 од Уставот на Република Македонија остварувањата на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и колективни договори.

Согласно член 15 став (4) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“, бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), категориите и нивоата од став (1) и став (2) на овој член се утврдуваат во посебните закони и со колективните договори, согласно со видот на потребните стручни квалификации и работните компетенции, одговорноста, видот и сложеноста на работите и на работните задачи, како и согласно со други критериуми од значење за работното место.

Законските одредби за кои се бара автентично толкување се доволно јасни и прецизни, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на истите.

## Точка 69

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.17/18 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2, точка 16 и член од 4 до 54 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15, 23/16, 43/16, 190/16 и 193/17), поднесена од адвокат Благоја Пандовски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Република Македонија се стреми кон прифаќање и примена на меѓународните стандарди и најдобри практики во сите сфери на општеството и економијата, вклучително и на оние од областа на сметководството и ревизијата.

Водењето на сметководството е специфична професија која има влијание врз економските одлуки од страна на менаџментот на компаниите, на инвеститорите, финансиерите и државата.

Доколку сметководствената евиденција е неточна или нецелосна, сите одлуки базирани на неа се погрешни и со негативни финансиски ефекти.

Поради тоа, во Република Македонија се прифатени и се во примена Меѓународните стандарди за финансиско известување, Меѓународните стандарди за финансиско известување на мали и средни субјекти и Кодексот на етика за професионални сметководители донесени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC).

Овие стандарди се преведени на македонски јазик и објавени во Службен весник на Република Македонија, што значи се дел од правниот поредок на Република Македонија.

Во Одделот 100, Вовед и основни принципи на Кодексот на етика на професионалните сметководители меѓу другото е пропишано и следното:
„Истакнато обележје на сметководствената професија е нејзиното прифаќање на одговорноста да дејствува во јавен интерес. Според тоа, одговорноста на професионалниот сметководител не е само да ги задоволи потребите на поединечниот клиент или работодавач.

При дејствувањето во јавен интерес, професионалниот сметководител треба да го запази и да се придржува кон овој Кодекс.“.

Со членот 6 став 1 точка 9 од Законот за вршење на сметководствени работи е пропишано дека Институтот ја следи примената на Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC.

Според тоа, не е точно тврдењето на подносителот на Иницијативата дека со членовите 2 точка 16 и членовите 4 до 54 од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители има статус на здружение без јавен статус на кое му се дадени овластувања како на државен орган од највисок ранг или институција од јавен интерес и дека истите се во спротивност на член 8 став 1 алинеи 1, 3,6,7 и 11, член 20 став 2, член 32, член 50 став 2, член 51 став 1, член 54 став 3 и член 55 од Уставот.

Имено, целите, работењето и дејствувањето на Институтот утврдени во Законот за вршење на сметководствени работи се насочени кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата, што се основни карактеристики на јавната дејност и јавниот интерес.

Истовремено, треба да се има предвид дека подносителот на Иницијативата не наведува конкретен член од Уставот на Република Македонија со кои се во спротивност членот 2 точка 16 и членовите од 4 до 54 од Законот за вршење на сметководствени работи во однос на јавниот статус на Институтот.

Причина за вака поднесената Иницијатива е фактот што Уставот не го дефинира терминот „јавен интерес“ ниту пак уредува како, со кој акт, истиот се дефинира. Јавниот интерес како термин се спомнува единствено во членот 30 од Уставот и тоа во контекст на правото на сопственост и можноста за одземање или ограничување на тоа право.

Според член 61 став 1 од Уставот, Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Република Македонија.
Собранието е овластено да донесува закони (член 68 став 1 алинеја 2) со кои ги уредува условите за вршење на одделни дејности, посебно за оние кои имаат своја специфичност, како што е сметководството.

Според член 20 став 1 од Уставот на Република Македонија на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверување, така што оспорувањето на членот 2 точка 16 и членовите од 4 до 54 од Законот е неосновано. Ова од причина што во истите е дадена можност за сметководителите да се организираат во Институтот заради

остварување на своите економски права и се уредуваат работите кои на Институтот му се доверени да ги извршува.

Па оттука, Институтот не би требало да се поистоветува како „класично“ здружение на граѓани.

Според подносителот на Иницијативата, со член 4 став (1) од Законот е пропишано дека сметководителите на територијата на Република Македонија се организираат во Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, при што ваквата одредба е во целосна спротивност на член 8 алинеи 1,3,7 и 11 и член 54 став (3) од Уставот на Република Македонија.

Во член 4 став (1) од Законот не е наметнато односно не е утврдена обврска или должност сметководителите и овластените сметководители да членуваат во Институтот, туку е предвидено дека истите се организираат во Институтот за сметководители и овластени сметководители на Република Македонија како професионално струково здружение, на кое согласно овој закон им се доверени определените права и овластувања согласно законот.

Притоа, согласно член 2 точка 16 Институтот е дефиниран како професионално здружение.

Со член 20 став 1 од Уставот на Република Македонија на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверување, така што оспорувањето на член 4 став (1) од Законот нема основа за оценка на уставност со оглед дека во истиот е дадена можност за сметководителите да се организираат во Институтот заради остварување на своите економски права.

Во Иницијативата се оспоруваат одредбите на член од 5 до 13 од Законот од аспект дека за Институтот се предвидени права и ингеренции како да се работи за државен орган а не за здружение, кои одредби се спротивни на член 8 алинеи 1, 3, 7 и 11, член 54 став 3 и член 55 од Уставот на Република Македонија, без притоа да се елаборира причината поради која се повредуваат одредбите од Уставот.

Имено, во членот 5 од Законот се утврдени органите на Институтот, во членот 6 се наведени работите што ги врши Институтот, во членот 7 се утврдени надлежностите на Институтот, во членот 8 се утврдени начинот на работа на Собранието на Институтот, во членот 9 се утврдени прашања поврзани со работа на Надзорниот одбор, во членот 10 се уредени работите кои ги врши Управниот одбор на Институтот, во членот 11 се уредени работите кои ги врши претседателот на Институтот, во членот 12 се уредени прашања поврзани со регистрите кои ги води Институтот и во членот 13 се уредени прашања поврзани со средствата за работа на Институтот.

Во оспорените членови се утврдени работите кои му се доверени на Институтот да ги врши како јавни овластувања утврдени со закон, а тргнувајќи од фактот што Институтот е здружение во кое заради остварување на своите економски права и уверувања го организираат сметководители и овластени сметководители, како субјекти кои вршат сметководствени дејности.

Во овој контекст се укажува дека согласно Законот за градење и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, е самостојна струкова, непрофитна и независна

организација со својство на правно лице, врши јавни овластувања утврдени со Законот за градење односно издава акти кои се јавни исправи и тоа:

1) овластување за проектирање, ревизија на проектна документација, надзор над изградбата за градби и за раководење со изградбата за градби од членот 57 на овој закон; 2) потврда за овластување на странски архитект или инженер за работи на проектирање, ревизија на проекти, надзор над изградбата за градби од членот 57 на овој закон и за раководење со изградбата на градбата и 3) нострификација на проекти изработени во странство.

Во однос на наводите дека одредбите од член 6 точки 2 и 8 се спротивни на Законот за здруженија и фондации, односно на Законот за работните односи, Владата на Република Македонија укажува дека ваквите наводи не можат да бидат предмет на оценка од страна на Уставниот суд со оглед на надлежностите на Уставниот суд уредени со членот 110 од Уставот на Република Македонија.

Во Иницијативата подносителот наведува дека со одредбите на членовите од 14 до 18 од Законот во целост се ограничуваат правата на сметководствените работници и дека истите се во спротивност на член 8 алинеи алинеи 1, 3, 6, 7 и 15, член 20 став 2, член 32, член 54 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Во однос на овој навод Владата на Република Македонија укажува дека одредбите на кои се упатува од Уставот не се поврзани со оспорените одредби ниту е дадено објаснување во кој дел истите се во спротивност, а дотолку повеќе што се упатува и на член 8 алинеја 15 од Уставот на Република Македонија кој всушност не постои во оваа одредба.
Имено, со членовите од 14 до 18 од Законот се уредуваат условите и постапката за стекнување на уверение за сметководител, односно овластен сметководител и уписот во регистарот за сметководители и регистарот на овластени сметководители.

Притоа, Законот уредува јасни, транспарентни и унифицирани критериуми за сите граѓани на Република Македонија во поглед на можноста за вршење на сметководствени работи.

На овој начин, Законот обезбедува почитување на одредбите од Уставот и достапност на работното место на сметководител или овластен сметководител под еднакви услови за секој граѓанин на Република Македонија и не ги загрозува владеење на правото, правната заштита на сопственоста, слободата на пазарот и претприемништвото, согласно со член 8 став 1 алинеи 1, 3,6,7 и 11, член 20 став 2, член 32, член 54 став 3 од Уставот.

По однос на наводите на подносителот на Иницијативата дека одредбите од член 19 ставови 1 и 2 од Законот со кои се утврдува обврска за посета на обука за континуирано професионално усовршување и се дефинира бројот на часови на годишно и тригодишно ниво за сметководител и овластен сметководител се во спротивност на член 8 став 1 алинеите 1, 3, 6 и 7 и член 20 став 2 од Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија укажува дека барањата за континуиран професионален развој се дефинирани како заштитни мерки креирани од професијата, законот или регулативата заради обезбедување на услови за придржување кон професионалната компетентност и должно внимание како еден од основните принципи на сметководствената професија, согласно Кодексот на етика за професионални сметководители, кој е составен дел на домашното законодавство.

Дополнително, законското решение од член 19 ставови (1) и (2) е усогласено со барањата на меѓународниот стандард за едукација IES 7: Континуиран професионален развој: програма за доживотно учење и континуиран развој на професионална компетентност на IFAC, согласно кој фундаменталниот принцип на Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC бара професионалниот сметководител да има континуирана обврска да одржува професионално знаење и вештини на ниво кое обезбедува дека клиентот или работодавачот добива стручни професионални услуги засновани на тековниот развој во праксата, законодавството и техниките.

Според овој меѓународен стандард професионалните тела треба да бараат професионалните сметководители да развијат и одржуваат стручност релевантна и соодветна на нивната работа и професионални одговорности.

Според барањата на Input-based Approach за континуирана професионална едукација утврден во Стандардот, професионалниот сметководител треба да заврши 120 часа релевантна активност за професионално усовршување во последователен тригодишен период, од кои 60 часа треба да бидат потврдени, да заврши 20 часа во секоја година и да следи и мери активности за учење за да ги исполни барањата во поглед на бројот на часови.

Со законската обврска за континуирано професионално усовршување се прифаќаат и воспоставуваат меѓународни стандарди за сметководствената професија со што на сметководителите ќе им се овозможи слободно и непречено давање на своите услуги и вон националните рамки со пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.

Притоа, треба да се има предвид дека сметководството е динамична професија која бара постојано надградување и усовршување.

Владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок претпоставува постоење и почитување на општи стандарди и позитивни законски норми. Граѓаните се еднакви пред законот, но законите регулираат конкретни области и треба да обезбедат еднаквост на граѓаните на кои тие закони се однесуваат. Владеењето на правото подразбира и транспарентност на условите и критериумите за стекнување и губење на одредени права, како и почитување на законите од страна на оние на кои тие закони се однесуваат.

Во таа смисла, Законот за вршење на сметководствени работи јасно и транспарентно ги утврдува условите за професионално усовршување на секој сметководител.

Поради тоа, Владата на Република Македонија ги отфрла наводите дека со обврската за континуирано професионално усовршување се кршат основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото (член 8 став 1 алинеите 1, 3, 6 и 7 од Уставот).

Наводите дека одредбите од член 19 ставови (1) и (2) се во спротивност со правото на граѓаните за слободно основање на здруженија на граѓани и политички партии, и пристапување и истапување кон и од нив (член 20 став 2 од Уставот) Владата на Република Македонија ги отфрла како неосновани и од причина што Законот не го ограничува правото на секој сметководител да членува во кое било друго здружение на сметководители, ниту пак забранува формирање на други здруженија на сметководители.

Во однос на наводот во Иницијативата дека одредбата од член 19 став (3) од Законот, со која се уредува дека обуката за континуирано професионално усовршување се спроведува преку стручни организации кои ги определува Здружението-Институтот се во спротивност на член 55 од Уставот, според кој се гарантира слобода на пазарот и претприемништвото, Владата на Република Македонија укажува дека Институтот обуките за континуирано професионално усовршување ги спроведува во соработка со друштва за консалтинг и други специјализирани организации од областа на сметководството, даноците и финансиите, кои постојат и даваат услуги од ваков тип во Република Македонија.

Критериумите за избор на правните и физичките лица ги пропишува Институтот и тие се јавно достапни за сите заинтересирани страни.

Законот за вршење на сметководствени работи ги утврдува областите на експертиза кои треба да ги поседуваат правните и физичките лица со кои Институтот ја спроведува обуката заради обезбедување на професионална компетентност и должно внимание, како основен принцип на сметководствената професија, согласно Кодексот на етика на IFAC.

Исто така, одредбата од член 19 став (3) не го ограничува слободното формирање на нови правни лица од областа на сметководството, даноците и финансиите, како и стекнувањето на знаења од овие области.

Оттука, не може да стане збор дека со начинот на спроведување на обуката за континуирано професионално усовршување за овластените сметководители и сметководителите се врши формирање на монопол на пазарот, со што во целост ги отфрламе наводите дека член 19 став (3) не е усогласен со член 55 од Уставот на Република Македонија.

Подносителот на Иницијативата наведува дека одредбата на член 19-а од Законот, со која е предвидено сметководителите по завршувањето на обуката за континуирано професионално усовршување да полагаат испит за проверка на знаењата и доколку не го положат испитот може да престанат со работа, не е во согласност со член 32 став 2 од Уставот и на сите закони со кои е уредено образованието.

Особено што Институтот нема акредитација, ниту било какво одобрение од надлежните државни органи и нема статус на јавен интерес.
Во Иницијативата не е доволно елаборирано зошто одредбата на членот 19-а е во спротивност со претходно цитираните одредби од Уставот на Република Македонија.

Притоа, Владата на Република Македонија укажува дека одредбите на член 19-а не се правилно цитирани во Иницијативата со оглед дека последиците од неположувањето на испитот се уредени во членот 19-б од Законот.

Согласно, барањата на меѓународниот стандард за едукација IES 7: Континуиран професионален развој: програма за доживотно учење и континуиран развој на професионална компетентност на IFAC, потврдата дека одредено професионално знаење или вештина е развиена може да се врши и преку оценка на стекнатите знаења.

Испитот за проверка на знаење е меѓународна пракса и е во насока на одржување на професионалното знаење на сметководителите и овластените сметководители и на довербата на јавноста во нивната работа.

Правото на образование под еднакви услови не е загрозено од причина што Законот ги пропишува условите под кои сметководителот може да ја врши дејноста и тие услови се еднакви за сите, односно ги уредува барањата во врска со образование, обука и искуство за прием во професијата. Поради тоа, неосновани се наводите во Иницијативата дека се ограничуваат правата на вработените да не се откажат од правата на: работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност, достапност на секое работно место под еднакви услови, заработувачка и платен дневен, неделен и годишен одмор и чие остварување се уредуваат со закон и со колективни договори (член 32 став 2 од Уставот).

Подносителот во Иницијативата наведува дека одредбите од член 20 точките од 4 до 8 од Законот се во спротивност на член 8 и член 32 став 2 од Уставот на Република Македонија.

Цитирани одредби се содржани во ставовите (4), (5), (6), (7) и (8) а не во точки од членот 20 од Законот.

Притоа, подносителот на Иницијативата воопшто не ги образложува причините поради кои смета дека одредбите не се во согласност со одредбите од Уставот, поради што цитираните одредби од членот 20 од Законот не би можеле да бидат предмет на уставна оценка.

Со член 20 ставовите (4), (5), (6), (7) и (8) од Законот се уредуваат начинот на кој може да се организира водењето на сметководството за сопствени потреби од страна на обврзникот за водење сметководство, како и кај кои обврзници трговецот поединец-сметководител, трговецот поединец-овластен сметководител и друштвото за вршење на сметководствени работи може да вршат сметководствени работи. Поделбата е направена врз основа на образовните квалификации и стручноста мерена преку годините работно искуство во сметководството на лицата кои работат кај овие даватели на сметководствени услуги, како и врз основа на сложеноста на сметководствените правила на обврзниците за водење на сметководство.

Крајна цел на вака дефинираните законски решенија се насочени кон обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите на финансиската состојба и финансиската успешност на обврзникот за водење на сметководство за потребите на самиот обврзник, неговите деловни партнери, државата и останати заинтересирани страни со што се придонесува кон заштита на јавниот интерес.

Поради тоа, Владата на Република Македонија ги отфрла наводите во Иницијатива дека со овие одредби од Законот се повредуваат темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија (член 8 од Уставот) и правото на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност член 32 став (2) од Уставот).

Во Иницијатива се наведува дека член 23 од Законот е спротивен на член 8, член 20 став 2 и член 32 став 2 од Уставот, без да се објаснат причините поради кои членот 23 е во спротивност со наведените уставни одредби, со што во Иницијативата не е даден основ за оценка на уставноста.

Членот 23 од Законот треба да осигура дека трговецот поединец-сметководител, трговецот поединец-овластен сметководител и друштвото за вршење сметководствени работи во континуитет ги почитува условите врз основа на кои ја стекнал лиценцата за работа, уредени со член 21 од Законот.

Оттука, одредбата од член 23 не ги ограничува уставните права на граѓаните за: слободно основање на здруженија на граѓани и политички партии, достапност на секое работно место под еднакви услови и на соодветна заработувачка. Напротив, одредбата од член 23 овозможува владеење на правото, како темелна вредност на уставниот поредок.

Според подносителот на Иницијативата пропишаните дисциплински постапки во Глава VI, Контрола на работењето во Глава VII, Надзор во Глава VIII и Прекршочни одредби во Глава IX од Законот се во спротивност на член 8, член 15, член 20 став 2, член 50 став 2, член 51 став 1, член 54 став 3 и член 55 ставови 1, 2 и 3 од Уставот. Меѓутоа, воопшто не е објаснето и елаборирано од кои причини одредбите на овие глави не се во согласност со Уставот на Република Македонија.

Според тоа наведените глави од Законот не би можеле да бидат предмет на оценка на нивната уставност.

Институтот како професионално здружение согласно Законот има право да изрекува дисциплински мерки на своите членови кои ќе ги повредат одредбите од Законот и приципите на уредно водење на сметководството или го нарушат угледот на професијата.

Дисциплинските мерки се преземаат по извршена контрола во работењето на вршителот на сметководство (Глава VI, членови 40 и 41 од Законот).

Контролата во работењето се однесува на утврдување на усогласеноста на работењето со прописите кои го регулираат водењето на сметководството и на усогласеноста на работење со барањата на Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC.

Доколку при контролата се утврди и прекршување на прописите, Управниот одбор на Институтот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд.

Поради статусот на Институтот како правно лице со јасни овластувања во Законот, Министерството за финансии има обврска да врши надзор над работењето на Институтот и спроведувањето на одредбите од Законот (Глава VII, членови 42 и 43 од Законот). Согласно Законот (Глава VIII, членови 47 и 47-а), се уредува дека прекршочната постапка ја води и прекршочните санкции ги изрекува надлежен суд. Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, односно за трговец- поединец се врши согласно Законот за прекршоците.

Исто така, овие одредби од Законот се во согласност и со Кодексот за етика на професионалните сметководители на IFAC, според кој заштитните мерки креирани од страна на професијата, законот или регулативата, вклучуваат постапки за набљудување и дисциплински постапки кај професионалните или кај регулаторните тела и надворешна проверка од страна на законски овластена трета страна, на извештаите, обрасците, комуникација или информациите кои се произведени од страна на професионалниот сметководител.

Со оспорените Глави VI, VII, VIII и IX од Законот се врши регулирање на сметководствената професија и дејност, преку утврдување на надзор и систем од дисциплински постапки и прекршоци за констатирани повреди и прекршоци на Законот.

Според тоа, не може да стане збор повреда на член 8 член 15, член 20 став 2, член 50 став 2, член 51 став 1, член 54 став 3 и член 55 ставови 1, 2 и 3 од Уставот.

Во Иницијативата, подносителот наведува дека со последните измени и дополнувања на Законот (Службен весник на Република Македонија бр. 193/17), повторно им се врати правото на трајно уверение што им го даде министерот за финансии на сметководителите и овластените сметководители кои во рок од 15 дена од стапувањето во сила на законот треба да се пријават во Институтот и воедно се задолжуваат да обавуваат задолжителна обука за 2017 година, најмалку 10 часа.

Според подносителот на Иницијативата, со ваквата изменета регулатива, во Законот се повредени основните права на човекот, предвидени со член 8 и член 54 став 3 од Уставот и другите уставни одредби предвидени со Уставот на Република Македонија.

Во Иницијативата се наведуваат нејасни и неточни факти, имено со членот 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.193/17), се уреди можност за поднесување барање до Институтот за издавање на ново уверение за сметководител, односно овластен сметководител за лицата кои не поднеле барање до Институтот за издавање на ново уверение за сметководител, односно овластен сметководител согласно со условите под кои ги стекнале уверенијата издадени од министерот за финансии. Притоа, рокот од 15 дена се однесува на периодот во кој Институтот е должен на лицата да им издаде ново уверение за сметководител, односно овластен сметководител.

Обврската за посета на обука за континуирано професионално усовршување и бројот на посетени часови обука на годишно и тригодишно ниво за сметководител и овластен сметководител се уредени со член 19 од основниот текст на Законот.

Во член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.193/17) се дефинира бројот на часови кој треба да се исполни во 2017 година.

Дополнително, во Иницијатива не е наведено и кој член од Законот се оспорува така што овој дел од Иницијативата не може да биде предмет на оценка на негова неусогласеност со Уставот на Република Македонија.

Законот прецизно ги пропишува условите и критериумите за стекнување и губење на правото за вршење на сметководствената професија, притоа пропишаните услови се јасни, прецизни, недискриминаторски и транспарентни.
Поради тоа, со одредбите од Законот не се ограничуваат темелните вредности на уставниот поредок утврдени со член 8 од Уставот).

Исто така, неосновани се и наводите дека одредбите се дискриминаторски по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба (член 54 став 3 од Уставот).

Дополнително, во точката 2 од Иницијативата, подносителот наведува дека за непрофитните организации постои посебен Закон за сметководството за непрофитните организации во кои подетално се регулирани правата, обврските и одговорностите за сметководителите, како и посебен Правилник за сметководството за непрофитните организации.

Ваквите наводи не можат да бидат предмет на оценка од страна на Уставниот суд со оглед на надлежностите на Уставниот суд уредени со членот 110 од Уставот на Република Македонија.

Законот за сметководство за непрофитните организации и Законот за вршење на сметководствени работи уредуваат две сосема различни работи. Имено, Законот за сметководството за непрофитните организации ги уредува сметководствените начела, стандарди и правила кои непрофитните организации треба да ги почитуваат при водењето на сметководството, а Законот за вршење на сметководствени работи ги уредува критериумите за вршење на сметководствената професија и дејност на територијата на Република Македонија.

Поради тоа не може да се тврди дека правата, обврските и одговорностите на сметководителите на непрофитните организации се уредуваат со два закони.
Врз основа на горе изнесеното, се смета дека не постои неусогласеност на одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи со член 8 став 1 алинеи 3, 6, 7, и 11, член 20 став 2, член 32, член 50 став 2, член 51 став 1, член 54 став 3 и член 55 од Уставот на Република Македонија.

Поради тоа, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија во целост да ја отфрли иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 точка 16 и членовите од 4 до 54 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 188/2013, 27/2014, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 190/2016 и 193/2017), како неоснована.

## Точка 70

Владата ја разгледа Иницијативата од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.15/18 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 21-а став 1 во делот „членот 293-а став 3“ од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/07, 81/07, 36/11, 18/13, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 152/15 и 53/16) и притоа го утврди следното мислење

Во предметната Иницијатива се оспорува делот „членот 293-а став 3“ од членот 21-а став 1 од Законот за управната инспекција (,,Службен весник на Република Македонија‘‘ бр.69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18), од аспект дека законодавецот навел член од Законот за општата управна постапка кој не постои во правниот промет на Република Македонија, со оглед на тоа што Законот за општата управна постапка (,,Службен весник на Република Македонија‘‘ бр. 124/15) има само 141 член. Оттука, оспорениот дел од член 21-а став 1 од Законот за управната инспекција е во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон (став 1). Секој е должен да ги почитува Уставот и законите (став 2).

Според член 21-а став 1 од Законот за управната инспекција (,,Службен весник на Република Македонија‘‘ бр.69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18), доколку до Државниот управен инспекторат е поднесено известување од правни и физички лица за не постапување по член 293-а став (3) од Законот за општата управна постапка од страна на функционерот кој раководи со органот, односно на раководното лице на органот, инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето, да изврши инспекциски надзор во органот надлежен за постапување по барањето, да утврди дали е спроведена постапка пропишана со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба.

Од анализа на наведената законска одредба произлегува дека во член 21-а став 1 од Законот за управната инспекција се упатува/има повикување на одредбите од член 293-а став (3) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/05, 110/08 и 51/11), кој повеќе не е дел од правниот поредок со отпочнувањето на примената на Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), што создава забуна и правна несигурност при имплементација, како кај иницијаторите на инспекциски постапки во остварување на своите права, така и кај инспекторите кои постапуваат по оваа одредба.

Со отпочнувањето на примената на Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), престанал да важи Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/05, 110/08 и 51/11), поради што сметаме дека посочената одредба би требало да биде предмет на усогласување со одредбите од важечкиот Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15).

Оттука, имајќи ја предвид содржината на оспорената законска одредба и кога истата станала дел од правниот поредок, односно Законот за управната инспекција, произлегува дека оспорената законска одредба не е противуставна, односно истата не произведува правно дејство со која би се нарушиле темелните вредности за владеење на правото, туку се работи за потреба од усогласување на одредбите од член 21-а од Законот за управната инспекција со Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15). Поради тоа, не станува збор за суштинска, туку за техничка неусогласеност на одредбите од Законот, која при првата наредна измена на Законот, законодавецот треба да ја има во предвид.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби на кои се повикува подносителот на Иницијативата и во однос на кои го оспорува член 21-а став 1 од наведениот закон наводите во Иницијативата се неосновани.

Следствено на наведеното, оспорената одредба односно делот „членот 293-а став 3“ од член 21-а став 1 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на наведената законска одредба од Законот за управната инспекција

## Точка 71

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 188 став 3 и на член 189 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15 и 193/15), поднесена од Стамен Филипов од Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Според член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот на Република Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другото, утврдено е и владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Според член 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законот.

Во смисла на член 96 од Уставот, органите на државната и управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата на Република Македонија.

Според член 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, начинот за исплата и висината на надоместоците од ставот 1 точки од 6 до 9 на овој член, ги утврдува министерот за одбрана, во кои влегуваат селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти, за време поминато на групно патување и вршење на служба под посебни услови.

Според член 189 од Законот, надоместоците, нивната висина и начинот на распределување на средствата за лицата на доброволно служење на воен рок и припадниците на активната резерва, ги пропишува министерот за одбрана.

Во смисла на член 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 13/06, 82/08, 167/10, 36/11 и 51/11), со Правилник се утврдуваат и се разработуваат одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување.

Од горенаведените одредби произлегува дека воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата, за да може да го оствари правото на надоместок за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени

објекти и за време поминато на групно патување и служба под посебни услови, како и правото на надоместок за лицата на доброволно служење на воен рок и припадниците на активната резерва, утврдени со закон, законодавецот утврдил овластување на министерот за одбрана да го утврди начинот на исплата и висината на надоместоците за воениот и цивилниот персонал, односно да ги пропише надоместоците, нивната висина и начинот на распределување на средствата за лицата на доброволно служење на воен рок и припадниците на активната резерва, со што во никој случај не ги повредил уставните одредби кои се однесуваат на поделба на власта, односно напротив овозможил еднакви услови за остварување на правото на наведените надоместоци.

Со ваквите законски одредби со кои се утврдува донесување на подзаконски акти се почитува правниот принцип истите да се донесуваат врз основа на закон и исклучиво заради негово извршување.

Овластувањето на функционерите кои раководат со органите на државната управа да донесуваат подзаконски прописи, како и видот на тие прописи е утврдено во Законот за организација и работа на органите на државната управа, кој е донесен врз основа на член 96 од Уставот на Република Македонија, така што донесувањето на подзаконските прописи од страна на функционерот кој раководи со органот на државната управа во кои се доуредуваат, односно разработуваат одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување, не излегува надвор од уставните рамки, но истите претставуваат операционализација, односно разработување на законските одредби со цел нивно извршување.

Оттука, овие акти на министерот претставуваат операционализација односно разработување на законските одредби, односно на право утврдено со закон, а не утврдување на истото, бидејќи без утврдување на висината на надоместокот за посочените работи, всушност не може да се оствари правото на надоместок за наведеното, односно и за извршена работа како што е служењето на воениот рок.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Македонија смета дека оспорените законски одредби се во согласност со член 8 став 1 алинеи 3 и 4, член 32 став 5, член 51 и член 96 од Уставот на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 188 став 3 точки од 6 до 9 и членот 189 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16).

## Точка 72

Владата ја разгледа Иницијативата до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.25/18 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 46 став 1 во делот: „надоместок за администрирање“, член 46 став 2 во делот: „цената на администрирањето“ и член 46 став 4 точка 1 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“, бр.72/16 и 142/16), поднесена од Здружението за заштита за граѓанските права „Но пасаран“ Скопје, Здружението на граѓани на текстилната, кожарската и чевларската индустрија „Гласен текстилец“ од Штип и Конфедерацијата на синдикалните организации на Македонија од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека наведените оспорени одредби им овозможуваат на извршителите за една иста работа да наплатат дупло, еднаш како надоместок за администрирање, а втор пат како награда за спроведени дејствија, што претставува измама и е спротивно од владеење на правото.

Според наводите во Иницијативата, администирањето е давање на услуги, а дејствието е материјалниот и реалниот елемент на администрирањето. Администрирањето е исполнување на голем број на дејствија, па претставува збир на спроведените дејствија, поради што не може да се наплатува два пати.

Наведено е дека оспорената законска одредба не е во согласност со темелната вредност на уставниот поредок на Република Македонија, владеење на правото, која е утврдена во член 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

Наводите на подносителот на уставната иницијатива се неосновани од следните причини:

Според член 46 став (1) од Законот за извршување, извршителот за извршените дејствија има право на надоместок за администрирање, надоместок за спроведените дејствија и награда за реализација на извршната исправа во согласност со Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителот. Наградата за делумна или целосна реализација на извршната исправа извршителот ја наплаќа од должникот во текот на извршувањето.

Во ставот (4) од истиот член се пропишани критериумите за определување и пресметување на наградата и надоместокот на другите трошоци за работењето на извршителите, врз основа на кои е донесена Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите и тоа:

1) цена за администрирање која се определува според износот на главното побарување, односно вредноста на предметот на извршување утврдена во извршната исправа;

2) цена на извршните дејствија која извршителот ја определува според видот, обемот и времетраењето на извршувањето на извршните дејствија и местото на нивното извршување согласно Табела 2 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на извршителите и

3) награда на извршителот за извршените дејствија која извршителот ја определува според видот на извршната исправа и видот на побарувањето кое треба да се изврши, како и според износот на наплатеното побарување.

Од горенаведеното, цената за администрирање се наплатува само еднаш и тоа при приемот на барањето за извршување, која всушност претставува надоместок за извршителот за заведување на барањето за извршување во електронскиот уписник, трошоците кои настануваат за оформување на предмет, скенирање на примeното барање за извршување, извршната исправа и друга примена документација која е во прилог на извршната исправа, како и за чување и архивирање на предметот по спроведено извршување на извршната исправа, која цена за администрирање се пресметува, согласно Табелата 1 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите („Службен весник на Република Македонија“, бр. 226/2016).

Цената за извршните дејствија извршителите ја пресметуваат и наплатуваат за секое преземено извршно дејствие, согласно Табелата 2 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите.

Наградата извршителите ја наплаќаат само доколку извршната исправа е делумно или целосно реализирана, согласно Табелата 1 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите.

Според член 6 став 3 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работењето на извршителите, врз основа на Заклучокот за утврдување на трошоци од ставовите 1 и 2 на овој член доверителот ги побарува од должникот цената за администрирање, цената на извршните дејствија, наградата на извршителот за извршените дејствија, реалните трошоци и такси.

Според член 9 став 1 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите, кога извршната исправа е реализирана должникот ја плаќа цената за администрирање на предметот, цената на извршените дејствија, наградата на извршителот за извршените дејствија, реалните трошоци и такси.

Со Одлука на Уставен суд на Република Македонија, бр.178 од 6.12.2017 година е укинат член 46 став (2) од Законот за извршување.

Со оглед на горе наведеното неосновани се наводите на подносителот на иницијативата дека оспорените законски одредби им овозможуваат на извршителите да наплатуваат дупло и тоа еднаш како надоместок за администрирање на предметот, а втор пат како награда за спроведени дејствија.
Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека со оспорените одредби од член 46 став (1) во делот „надоместок за администрирање“, член 46 став (2) во делот „цената на администрирањето“ и член 46 став (4) точка 1) од Законот за извршување не се повредува темелната вредност, владеење на правото на Уставот на Република Македонија, утврдена во членот 8 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби од Законот за извршување.

## <u>Точка 73</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат м-р Светислав Стојаноски од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.10/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 234 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека оспорената одредба од членот 234 од Законот за извршување не е во согласност со член 8 став (1) алинеја 3, член 31 и член 51 од Уставот на Република Македонија. Исто така, наведува дека е во директна спротивност со член 181 став (5) од Законот за работни односи в.в. со член 368 став (1) од Законот за облигационите односи и член 2 став (1) од Законот за извршување.

Според наводите во Иницијативата вака поставената одредба од член 234 од Законот за извршување го ограничува правото на работникот и тоа во рок од шест месеци да поднесе

барање за извршување врз основа на извршна исправа, и токму заради ова ограничување оваа одредба е во спротивност со Уставот на Република Македонија.

Наведено е дека одредбата од член 234 од Законот за извршување е во директна спротивност со член 181 став (5) од Законот за работни односи, со кој е пропишано дека кога не е донесена одлука по приговорот во рок од осум дена од денот на поднесувањето на приговорот или кога работникот не е задоволен со одлуката донесена по приговорот во рок од 15 дена од денот на добивањето на одлуката по приговорот, работникот има право да поведе спор пред надлежниот суд, а сето ова в.в. со член 368 став (1) од Законот за облигационите односи каде е пропишано, дека сите побарувања што се утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган, застаруваат за десет години, па и оние за кои законот инаку предвидува пократок рок за застареност.

Според наводите, оспорената одредба од член 234 од Законот за извршување со тоа што определува преклузивен рок од шест месеци да се поднесе барање за извршување од страна на работникот претставува повреда на владеење на правото што е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, со тоа што одредбата од членот 234 од Законот за извршување директно му го повредува правото на работа на работникот кој е вратен на работа со правосилна и извршна пресуда, а која пресуда е донесена во постапка за заштита на правата од работен однос во согласност со член 181 став (5) од Законот за работни односи каде му се обезбедува судска заштита на работникот, а дотолку повеќе што начелото во член 2 став (1) од Законот за извршување предвидува дека основ за извршување претставува правосилна и извршна пресуда - извршна исправа и дека во член 368 став (1) од Законот за облигационите односи јасно е наведено, дека секое побарување парично или непарично утврдено со правосилна судска одлука застарува за десет години, па дури и оние за кои со закон е предвиден пократок рок на застареност, поради што подносителот смета дека работникот има право да поднесе барање за извршување во рок од десет години откако се стекнал со право да поднесе такво барање, а оспорената одредба од член 234 од Законот за извршување, како што беше наведено претходно тоа право го ограничува со преклузивен рок од шест месеци.

Неосновани се наводите на подносителот на иницијативата од следните причини:

Според член 2 став (1) од Законот за извршување основа за извршување претставува извршната исправа.

Во членот 12 од Законот за извршување таксативно се набројани извршните исправи, меѓу кои извршна судска одлука и судско порамнување.

Според член 14 став (1) од Законот за извршување судската одлука е извршна ако станала правосилна и ако истекол рокот за доброволно исполнување на должниковата обврска.

Според член 234 од Законот за извршување барање за извршување на извршната исправа според која работодавецот е должен работникот да го врати на работа или одново да му ги довери работите што ги вршел порано, може да се поднесе во рок од шест месеци од денот кога работникот стекнал право да го поднесе тоа барање.

Според член 368 од Законот за облигационите односи, сите побарувања што се утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување

пред суд или пред друг надлежен орган, застаруваат за десет години, па и оние за кои Законот инаку предвидува пократок рок за застареност.

Според член 359 од Законот за облигационите односи, правилата на застареност не се применуваат во случаи кога во законот се определени роковите во кои треба да се подигне тужба или да се изврши определено дејствие под закана на губење на правото.

Според член 405 од Законот за парничната постапка, во постапката по споровите од работните односи, а особено при определувањето на роковите и рочиштата, судот секогаш ќе обрне внимание на потребата од итно решавање на работните спорови.

Од горенаведеното, имајќи ја предвид итноста на постапката за враќање на работник на работа што е утврдено и со член 405 од Законот за парничната постапка, во членот 234 од Законот за извршување е определен рокот од шест месеци од денот кога работникот стекнал право да го поднесе тоа барање за извршување на извршна исправа според која работодавецот е должен да го врати работникот или одново да му ги довери работите кои ги вршел порано, а согласно член 359 од Законот за облигационите односи, поради што во конкретниот случај не може да се примени член 368 од Законот за облигационите односи.

Ваквата одредба која се однесува на враќање на работник на работа е преземена од Законот за извршната постапка (,,Службен весник на Република Македонија “ бр.53/97, 59/2000 и 64/2003) во Законот за извршување (,,Службен весник на Република Македонија “ бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) и истата повторно е преземена во Законот за извршување (,,Службен весник на Република Македонија “ бр.72/16 и 142/16), што значи дека оваа одредба не е пропишана само со последниот Закон за извршување.

Според член 102 став (2) од Законот за работните односи, покрај враќањето на работа, работодавачот е должен на работникот да му ја исплати бруто платата која би ја земал кога би бил на работа, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување, намалена за износот на приходот кој работникот го остварил врз основа на работа, по престанокот на работниот однос, поради што законодавецот имајќи ги предвид и овие последици за работодавецот пропишал итна постапка согласно одредбите од Законот за парничната постапка и рок од шест месеци во Законот за извршување за поднесување на барање за извршување на извршна исправа, со која се бара враќање на работник на работа.

Доколку во конкретниот случај за извршување на извршна исправа за враќање на работник на работа би важеле одредбите од член 368 од Законот за работните односи, во тој случај работникот нема да има интерес за поднесување на барања за извршување на извршна исправа од причина што и без работа работодавецот ќе мора да му исплати на работникот бруто плата за последните десет години. Од тие причини во Законот за извршување е утврден рок од шест месеци, во кој работодавецот треба да го врати работникот на работа и да ја спроведе извршната исправа.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека со оспорената одредба од член 234 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), не се повредуваат темелните вредности на Уставот на Република Македонија утврдени во членот 8 алинеја 3, член 32 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија

да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби од Законот за извршување.

## Точка 74

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101529 за КО Бутел на КП 3934 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 75

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Елена Ристовска од Штип за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.1376 за КО Д.Балван на КП 465, викано место/улица Жабодер и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

## Точка 76

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Тана Топалоска од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.103734 за КО Охрид 3 на КП 14340 и КП 14383, викано место/улица „Гоце Делчев“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 77

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ристо Папазов од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.84049 за Ѓорче Петров 5 - Лепенец на КП 2783, викано место/улица Б. Расел и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 78

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Андријана Ѓорѓеска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.663 за КО Маџари на КП 2080 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 79

Владата ја разгледа Понудата од нотар Стевица Јанева од Струмица, за продажба на 128/1692 идеален дел од КП 6647, запишан во ИЛ бр.50100 за КО Струмица и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 80

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.3822 за КО Чаир, КП 529 и не ја прифати

Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 81

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Ирфан Јонузовски, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.43154 за КО Центар 1 на КП 3101/0, за наредната седница на Владата, поради потребата АД за стопанисување и изградба на станбен и деловен простор од значење за Републиката - Скопје да достави мислење по истата.

## Точка 82

Владата ја разгледа Понудата од нотар Роберт Стојковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3882 за КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП 8062 викано место Мраморец и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 83

Владата по Известувањето од извршителката Снежана Андреевска за Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз недвижност запишана во Имотен лист бр.178 за КО Нерези, КП 1383, под И бр.790/17 го прифати Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 84

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Благојче Кипровски, за заклучок за втора усна јавна продажба со И.бр.497/2008, за наредната седница на Владата, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да подготви и до Владата да достави мислење по материјалот.

## Точка 85

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Зоран Петрески од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И. бр.141/18 за КО Бутел, за наредната седница на Владата, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да подготви и до Владата да достави мислење по материјалот.

## Точка 86

**1.** Владата заклучи Министерството за одбрана и Управата за јавни приходи како членови на Одборот на доверители во МЗТ Специјални возила и опрема АД во стечај Скопје, застапувани од Даниела Ѓорѓиевска - Министерството за одбрана и Лидија Штерјова - Управата за јавни приходи на Одборот на доверители, да го поддржат изборот на Лепа Наумовска за управителка на „Композитна опрема“.

**2.** Владата на Ејдина Рахмани разрешена од должноста вршителка на должноста директорка на Управата за имотно-правни работи и утврди право за остварување плата по

престанувањето на функцијата за време од 6 месеци, за период 3.4.2018 година до 3.10.2018 година.

**3.** Владата ја разреши Јелена Арсова од должноста членка на Управниот одбор-претставничка на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје.

3.1. Владата ја именува Зорица Ацковска за членка на Управниот одбор-претставничка на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје.

**4.** Владата го именува Мијалче Стојчевски за член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Институтот за стандардизација на Република Македонија.

## Точка 87

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за бесплатна правна помош што е доставен до Собранието на Република Македонија, со писмо бр. 44-302/1 од 20.2.2018 година.

**2.** Владата на предлог на Министерството за финансии заклучи да се измени Заклучокот 4, донесен во врска со Информацијата за пренесување на надлежноста за управување и располагање со средствата од Компензационен фонд од странска помош и Компензационен фонд од друга странска помош, со нов модел на поефикасно искористување, со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за прибирање, користење и управување на средствата од економската помош од странство на Република Македонија, на седницата на Владата, одржана на 6.3.2018 година и истиот да гласи:

„4. Се задолжува Министерството за финансии во име на Владата на Република Македонија и Македонската банка за поддршка на развојот, најдоцна во рок од 15 дена од добивање на повратен одговор од јапонската страна на нотата што ќе биде доставена преку Министерството за надворешни работи согласно Заклучокот под реден број 5, во која ќе биде изразена нивната согласност со предложениот трансфер на дел од средствата во износ од 6 милиони евра во Фондот за иновации и технолошки развој, да склучат анекс на Договорот за пренесување на надлежноста за управување и располагање со средствата од Компензационен фонд од странска помош и Компензационен фонд од друга странска помош склучен на 12.7.2012 година, бр.18-26155/1 и анекс на Договорот за пренесување на дополнително прибраните средства од Компензационен фонд странска помош и Компензационен фонд од друга странска помош склучен на 14.7.2014 година, бр.10-23482/1 во насока на спроведување на пренесување на надлежноста за управување и располагање со дел од средствата во износ од шест милиони евра на Фондот за иновации и технолошки развој“.

**3.** По повод укажувањето на д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, за процентот на реализација на капиталните инвестиции неопходни за растот на економијата, Владата заклучи:

- Со цел зголемување на реализацијата на капиталните инвестиции се задолжуваат сите министри во рамките на своите министерства да формираат посебни работни групи кои исклучиво ќе ја следат реализацијата на капиталните инвестиции.

Врз основа на нивните податоци министрите редовно да го информираат Економскиот совет и другите владини тела формирани со ваква надлежност (за прогресот во реализацијата, проблемите кои ја кочат реализацијата и слично).

**4.** Владата заклучи Заклучокот бр.4 од 62-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.4.2018 година, а во врска со Информацијата за одобрување на склучување Анекс за промена на динамика на реализација и плаќање од склучениот Договор за изградба на спортска сала во Општина Шуто Оризари да се измени и да гласи:

„4. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт во проекциите на буџетот за 2019 година да предвиди средства во износ од 17.011.000,00 денари за реализација на проектот „Изградба на спортска сала во Шуто Оризари“.“

**5.** Владата се информираше дека врз основа на член 6 од Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија именувани се следните советници во Канцеларијата на претседателот на Владата:

1. Мила Стаменова, советник за комуникација со министерствата.
2. Зоран Бојаровски, советник за медиумски реформи.
3. Илија Жупаноски, советник за дигитални комуникации.
4. Сања Богатиновска, советник за истражувања и анализи.
5. Весна Ковачевска Трпчевска, советник за информативни активности.
6. Ивана Хаџиевска Кошевалиски, советник за протоколарни активности.
7. Олимпија Христова Заевска, советник за меѓународна економија и развој.
8. Ивана Јордановска, советник за соработка со меѓународни организации.
9. Христијан Ѓорѓиевски, советник за односи со Собранието на Република Македонија.
10. Светлана Сиљаноска, советник за организација на настани.

## Точка 88

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје за периодот 1.7.2017 - 30.9.2017 година, со дополнувања кон материјалот, како материјал за информирање.

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на системот за издавање на возни билети во локалниот патнички сообраќај, кој е дел од Лот 1 - Ревитализација на Железничката станица Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи „Македонски железници Транспорт“ АД - Скопје, да направи комплетна ревизија на Лот1 - Ревитализација на Железничката станица Скопје, да ги корегира недостатоците, коишто настанале во Проектот, а исто така да утврди и одговорност за ваквата состојба.

## Точка 90

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за реализацијата на кредитната линија за микро, мали и средни претпријатија со дејност од областа на земјоделството (кредити од компензациони фондови), како материјал за информирање.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата за проектот - Создавање дигитални податоци за теренот неопходни за ублажување на ризикот од поплави, следење на поплави и за дејствување во ситуации на поплави, како и за намалување на трошоците за инфраструктурни проекти и подобрување на заштитата на животната средина и мониторингот и просторно планирање, како материјал за информирање.

## Точка 92

Владата ја разгледа Информацијата за извршен увид за исполнетост на минимално технички услови за вршење на трговска дејност-трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт на субјектите на територија на Република Македонија за кои се издадени лиценци за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, со дополнувањето кон неа, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Државниот пазарен инспекторат да ја прошири Информацијата со податоци за искористеноста на резервите за оваа намена.

Исто така да се има предвид Мислењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

## Точка 93

Владата го разгледа Извештајот за тековниот статус на болниците во процесот на акредитација (за периодот јули-септември 2017 година), како материјал за информирање.

## Точка 94

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Програмата за развој на туризмот на Република Македонија за 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 95

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот на активностите во насока на реализација на Стратегијата за Југоисточна Европа 2020, во 2016 и 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 96

Владата ја разгледа Информацијата за Акциски план за реализација на активностите за обнова на возниот парк на „Македонски железници Транспорт“ АД - Скопје (набавка на 150 товарни вагони, четири дизел - моторни гарнитури и две електро - моторни гарнитури и рехабилитација на електро - локомотиви) за период 1.7.2017 - 31.12.2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи Заклучокот број 11 по Точка 67 (Прашања и предлози) од Двесте и десеттата седница на Владата на Република Македонија,

одржана на 3.6.2014 година со кој Министерството за транспорт и врски беше задолжено да ја информира Владата на секои шест месеци за ова прашање се до реализацијата на проектот.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на четири нови електрични локомотиви, за период 1.7 - 31.12.2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи „Македонски железници Транспорт“ АД-Скопје, доследно да го спроведува Договорот, во смисла да се активираат пенали за непочитување на роковите од Договорот.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за ажурирање на Акциски план за проектот „Воведување на информациски систем за управување со енергијата ЕМИС“, за периодот 1.7-31.12.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за ажурирање на Акцискиот план за проект: Енергетска ефикасност-рехабилитација на работилниците за одржување на железнички возила, за период 1.7. - 31.12.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес за реализација на проектот „Решавање на проблемот со недовршените постапки на арондација од минатото“, како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитетот на воздухот во Република Македонија за март 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националното координативно тело против семејно насилство 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 104**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководителка на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 105**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Царинска управа (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државена секретарка во Министерството за финансии и м-р Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поканата за одржување на редовна седница на Собранието на акционери на „Јубмес банка“ А.Д. Белград, закажана за 25.4.2018 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии до „Јубмес банка“ А.Д. Белград за закажаната редовна седница на Собранието на акционери за 25.4.2018 година, да достави формулар за гласање во отсуство, со следното произнесување по предложениот дневен ред:

По однос на точките од I Претходна постапка и тоа:

1. Отворање на седницата на Собранието и избор на работни тела: -Комисија за гласање и -Записничар;

2. Воведно излагање на претседателот на Извршниот одбор на банката и

3. Извештај од комисијата за гласање, во доставениот формулар за гласање во отсуство не е предвидено гласање.

По однос на точките од дел II Редовна постапка:

1. Предлог-одлука за усвојување на Извештај на надворешен ревизор на акционерите на банката, да гласа „ЗА“;

2. Усвојување на годишни финансиски извештаи за 2017 година:
2.1) Предлог-одлука за усвојување на Извештај за работење на Банката за 2017 година, да гласа „ЗА“;

2.2) Предлог-одлука за усвојување на финансиски Извештај на Банката за 2017 година, да гласа „ЗА“;
2.3) Предлог-одлука за распоредување на нераспоредена добивка за 2017 година, да гласа „ЗА“;

3. Предлог за Деловна политика на Банката за 2018 година, да гласа „ЗА“;

4. Предлог-одлука за именување на надворешен ревизор на Банката за 2018 година, да гласа „ЗА“;

5. Предлог информација за надомест на членовите на Управниот одбор и извршниот одбор на Банката да гласа „ВОЗДРЖАНО“;

6. Предлог-одлука за вложување на основни средства во Банката да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

## Точка 107

Владата ја донесе Програмата за користење на средства за изградба на Спомен-обележје на Тодор Проески во Крушево за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 108

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за преземање активности за натамошна децентрализација на националните установи во областа на културата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура, во соработка со Министерството за локална самоуправа, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и ЗЕЛС, во рок од 15 дена, да формира работна група за децентрализација на установите во културата.

2. Работната група, во рок од три месеци од формирањето, до Министерството за култура да достави анализа на евалуација на досегашниот процес на децентрализацијата во културата, анализа на интересот на општините и нивните материјални можности за преземање на дел од националните установи во културата и предлог-критериуми за пренесување на основачките надлежности на установите од државно на локално ниво.

## Точка 109

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање активности во врска со одржувањето на 30-от Меѓународен саем на книгата 2018, ја усвои Информацијата и му препорача на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје да овозможи користење на комплексот на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ за подготовка и реализација на Саемот на книгата 2018 од 3.5.2018 до 9.5.2018 година, без надомест, со исклучок на настанатите реални трошоци кои би настанале при одржувањето на 30-от Меѓународен саем на книгата 2018, во објектот.

## <u>Точка 110</u>

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на Друштвото за градежништво и инженеринг „Тотал инженеринг“ ДООЕЛ-Струмица на локалитетот „с. Дукатино“, Општина Василево, во предложениот текст.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**